

Една од песните во стихозбирката Македонска песнарка е песната *Македонцим ув прилог* .

Во оваа песна Ѓорѓија Пулевски повторно се повикува и ги потсетува Македонците на нивното славно минато и историја со нивните кралеви Филип Македонски и Александар Македонски.

Понатаму тој реагира против решенијата од Берлинскиот конгрес со кои Македонија била оставена под турското ропство, за на крај да ги повика своите сонародници - Македонци да се кренат и јуначки да се борат како под цар Александар и историјата стара да ја оживеат.

*Татковина ја ово место мило Македонцим,*
*кралевина била под краљом Филипом,*
*старо царство, јесте од цара Александра,*
*наш цар македонски, познат Александар велики ув вселену.*
*Он је наше царство во Полостров Балкански*
*је го оставил все горским Славјаним.*
*Чујте, браќа наши јевропски христијани,*
*да ја наша судбина нами досадила*
*мије хоштеме нашу домовину.*
*Ево днеска в македонскеј кралевини наши браќа тужат*
*зашто само назе под ропство оставајет*
*зато и мије хоштеме своју домовину!*
*Братије наши Македонци од православну веру,*
*да се сви сложиме, јуначки бориме,*
*како наши стари под цар Александром,*
*повтор спомен своим имјам по нас оставиме!*
*Историју стару да ју оживиме,*
*мије глејте сега да ју исполниме.*